**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**

Овој лек се издава без рецепт за третман на полесни здраствени проблеми за кои не е потребно совет со доктор. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со вашиот фармацевт ако ви се потребни дополнителни информации.*
- *Ако симптомите на вашата болест не се подобрат во текот на 3 дена, тогаш мора да појдете на доктор.*

**Septolete Apple - Септолете Јаболко пастили 1,2 mg**
*Cetylpyridinii chloridum*

**Антисептик за уста и грло со вкус на јаболко**

Активна супстанција: цетилпиридин хлорид.
Помошни супстанции: течен малтитол, малтитол, манитол, левоментол, етерично масло од лимон, глицерол, рицинусово масло, колоидна безводна силика, магнезиум стеарат, повидон, фармацевтски восоци (пчелин восок, карнауба восок, шелак), титаниум диоксид (E171), арома на јаболко, природно зелена боја (комплекс на хлорофили и хлорофилини (E141), цитрична киселина, желатин, сукроза, вода), природно жолта боја (куркумин (E100), цитрична киселина, натриум бензоат, растителен хидроколоид, сукроза, вода).

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ, Митрополит Теодосиј Гологанов 28/II-23, Скопје, Р.Македонија

**Име и адреса на производителот**
KRKA, d. d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia.

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СЕПТОЛЕТЕ ЈАБОЛКО И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Секоја пастила содржи 1,2 mg цетилпиридин хлорид.
Септолете Јаболко е достапно во пакување од 18 пастили. Секое пакување содржи 2 блистер ленти со по 9 пастили. Пастилите се зелени, округли и малку биконвексни.
Септолете Јаболко пастилите имаат локално антимикробно дејство. Содржат антисептик цетилпиридин хлорид кој делува на голем број бактерии и габички а во одредена мера инхибира и развој на вируси. Пастилите ја дезинфицираат усната празнина и грлото, го намалуваат воспалението во устата и грлото и превенираат развивање на потешки бактериски инфекции. Поради својата добра растворливост цетилпиридин хлоридот стигнува и до тешко достапните места на слузницата во устата и грлото, спречувајќи размножување на бактерии.
Септолете Јаболоко пастилите имаат пријатен и освежувачки вкус на зелено јаболко. Не содржат шеќер и затоа не предизвикуваат кариес, ефектот на антисептикот е многу поголем кога пастилата не содржи шеќер.

Пастилите се препорачуваат:

- за локален третман на поблаги инфекции во уста и грло (фарингитис, ларингитис, почетна ангина),
- при воспаленија на гингивата и на мукозната мембрана во усната празнина (стоматитис, гингивитис),
- при настинка и грип за олеснување на придружните симптоми како што се болка, суво грло и гребење во грлото,
- зарипнатос и непријатен здив.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ СЕПТОЛЕТЕ ЈАБОЛКО

**Немојте да го земате Септолете Јаболко:**

- ако сте преосетливи кон цетилпиридин хлорид или било која друга составна компонента на лекот.

**Бидете посебно внимателни со Септолете Јаболко:**

- Во случаите кога постојат отворени рани во устата, бидејќи цетилпиридин хлоридот го успорува заздравувањето на раните.
- При потешки инфекции пропратени со висока температура, главоболка и повраќање потребна е консултација со лекар, особено доколку симптомите траат повеќе од 3 дена.
- Дијабетичарите треба да имаат во предвид дека секоја пастила содржи околу 1 g малтитол. Поради бавната хидролиза и апсорпција од гастроинтестиналниот тракт, малтитолот има незначителен ефект на нивото на шеќер во крвта.

Септолете Јаболко пастилите не се препорачува да се земаат во дози поголеми од препорачаните. Пастилите не се препорачуваат за деца помали од 4 години.

**Земање на Септолете Јаболко со храна или со пијалок:**
Септолете Јаболко пастилите не треба да се земаат веднаш пред јадење или заедно со млеко.

**Бременост**
*Советувајте се со доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Поради тоа што нема доволно податоци за нивна безбедна и сигурна употреба кај оваа популација на пациенти не се препорачуваат.

**Доење**
*Советувајте се со доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Поради тоа што нема доволно податоци за нивна безбедна и сигурна употреба кај оваа популација на пациенти не се препорачуваат.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини:**
Нема податоци кои би укажале дека Септолете Јаболко пастилите влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Септолете Јаболко:**
Пастилите содржат природни бои кои со тек на време доколку се чуваат на светло место може да избледат. Пастилите содржат полиоли (малтитол, манитол). Поголеми дози на полиоли може да предизвикаат дијареа. Големи дози на глицерол може да предизвикаат главоболка и гастроинтестинални нарушувања.

**Земање на други лекови:**
Информирајте го докторот доколку користите или неодамна сте користеле други лекови. Септолете Јабoлоко пастилите немаат интеракции со други лекови.

## 3. КАКО ДА СЕ ЗЕМЕ СЕПТОЛЕТЕ ЈАБОЛКО

Секогаш земајте го Септолете Јаболко онака како што ве советувал докторот. Препорачаната дневна доза за возрасни и деца над 12 години е 8 пастили, кои треба да се растопат во устата на секои 2 до 3 часа.
На деца, поголеми од 4 години препорачуваме до 4 пастили на ден, а од 10 до 12 години до 6 пастили на ден. Една пастила се топи во устата на секои 3 до 4 часа.
Не се препорачува пастилите да се земаат пред или за време на оброк.
Доколку ефектот од пастилите е премногу јак или премногу слаб советувајте се со лекар или фармацевт.

**Ако сте земале поголема доза од Септолете Јаболко**

Поради ниската концентрација на активните компоненти во препаратот предозирањето со пастилите Септолете Јаболко е речиси невозможно. При земање поголеми дози од препорачаните, може да се јават гастроинтестинални пореметувања, гадење, повраќање и диареја. Во таков случај треба да се прекине со земањето на лекот, да се испие многу вода или млеко и да се побара совет од лекар или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да го земете Септолете Јаболко:**
Не земајте две дози одеднаш.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Кога пастилите Септолете Јаболко се земаат во препорачаните дози, несаканите ефекти се многу ретки. Кај пациенти преосетливи кон некоја од составните компоненти на препаратот земањето поголеми дози од препорачаните може да предизвика гастроинтестинални потешкотии поради иритација на гастроинтестиналната мукоза. Реакции на преосетливост кон лекот се јавуваат многу ретко.
Доколку забележите други несакани ефекти кои не ги споменавме предходно, ве молиме информирајте го вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА СЕПТОЛЕТЕ ЈАБОЛКО

***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***
Да се чува заштитено од влага и светлина до 25ºC.
Да се чува во оригиналното пакување.

**Рок на употреба**
2 години.
Да не се употребува после истекот на рокот на употреба означен на пакувањето.

**Начин на издавање на помошното лековито средство**
Помошното лековито средство може да се издава само во аптека без рецепт (П1).

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**
Септември 2006

## 6. ИНФОРМАЦИИ

За било какви информации околу овој медицински производ ве молиме обратете се на адресата на носителот на одобрението за ставање на промет на лек.

КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје
Митрополит Теодосиј Гологанов, 28/II-23, Скопје, Р. Македонија
Тел: 3298-340
Фах: 3298-382